# Болест предизвикана од пневмококи во детството

Macedonian

Националната програма за имунизација обезбедува бесплатна вакцинација на сите бебиња на возраст од два, четири и 12 месеци. Деца на помалку од пет години со некои медицински состојби исто така имаат право на дополнителни дози на вакцина против пневмококи.

## Болест предизвикана од пневмококи

Болеста предизвикана од пневмококи (pneumococcal disease) кај мали деца предизвикува сериозни заболувања, како што е инфекција на крвта, па дури и смрт. Кај дете со сериозна медицинска состојба е поголем ризикот од инфекција опасна по живот и потреба од болничко лекување.

Мнозинството луѓе бактеријата Streptococcus pneumoniae ја имаат во носот и грлото. Бактеријата се пренесува преку ситни капки од устата и носот, на пример при кашлање и кивање, или преку контакт со предмети заразени со инфицирани ситни капки.

Инфекциите со пневмококи напаѓаат различни делови на телото. На пример:

- ако бактериите на пневмококи влезат во крвотокот, тоа се вика бактеремија
- ако тие нападнаат извесен дел од мозокот, тоа се нарекува менингитис
- ако бактериите на пневмококи ги нападнат белите дробови, тоа е воспаление на белите дробови (пневмонија)
- ако бактериите го инфицираат средното уво, тоа се века otitis media.

## Вакцини против пневмококи

Се покажа дека детската вакцина е речиси 100 проценти ефикасна против тешки облици на болест предизвикана од пневмококи. Меѓутоа, постојат повеќе од 90 видови болест предизвикана од пневмококи. Една вакцина против пневмококи „покрива“ видови кои предизвикуваат 80 до 90 проценти од случаите на тешки заболувања предизвикани од пневмококи. Друга вакцина против пневмококи, погодна за постари деца, исто така се дава ако детето има некоја друга медицинска состојба, бидејќи таа вакцина содржи повеќе видови заради заштита од инфекција со пневмококи. Вакцините содржат неактивни компоненти на некои видови на пневмококи за да се стимулира реакција на имунолошкиот систем.

## Кој има право на бесплатно вакцинирање?

- Сите бебиња на возраст од два, четири и 12 месеци.
- Деца помлади од пет години со фактори на медицински ризик што ги изложуваат на поголем ризик од инфекција со пневмококи. На тие деца им се потребни дополнителни дози на вакцина против инфекција на белите дробови со пневмококи (pneumo coccal vaccine) на возраст од шест месеци и четири до пет години.

Ве молиме разговарајте со вашиот доктор за долготрајни медицински состојби како што се:

- инфекција со HIV
- малигни нарушувања во крвта
- цистична фиброза
- истечување на мозочно-рбетна течност (CSF)
- дренажа од внатрешноста на черепот (intracranial shunt)
- хируршки вметнати електронски апарати за слух (cochlear implants)

Victoria State Government
Health and Human Services

- ослабен имунитет поради болест, лекови или лекување
- попречена работа на сплината или немање сплина
- Даунов синдром
- сите деца родени до 28 недели бременост
- хронични заболувања на срцето, белите дробови, бубрезите и дијабетес.

## Можни контраиндикации од вакцината против пневмококи

### Вообичаени контраиндикации (несакани последици - side effects)

- болка, црвенило и оток на местото на давање инјекција
- малку повисока температура.

### Исклучително ретка контраиндикација

- силна алергиска реакција.

Ако дојде до блага реакција, контраиндикациите може да се намалат:

- со ставање студена водена крпа на болното место на давање инјекција
- не му облекувајте на детето премногу облека
- може да биде потребно давање парацетамол за да се намали непријатното чувство и/или висока температура (заради правилна употреба проверете го упатството на пакувањето)
- давајте му на детето да пие повеќе течности.

Ако реакциите се силни или не престануваат, или ако сте загрижени за вашето дете, јавете му се на вашиот доктор или болница.

## Листа за проверка пред имунизација

Пред вашето дете да биде имунизирано, кажете му на докторот или на медицинската сестра ако на детето:

- [ ] Не се чувствува добро на денот на имунизацијата
- [ ] Имало силна реакција на било која вакцина
- [ ] Е алергично на било која состојка на вакцината

## Повеќе информации

За повеќе информации пребарајте под ‘childhood immunisation’ (имунизација на деца) на http://www.betterhealth.vic.gov.au

За преведени верзии на овој документ видете на http://www.healthtranslations.vic.gov.au

За информации за Националната програма за имунизација видете на http://www.immunise.health.gov.au/

© Copyright Department of Health 2010. Овластено од Владата на Викторија, 50 Lonsdale Street, Melbourne.
Октомври 2018. PH616

Interpreter

Translating and interpreting service
Call 131 450